Стрип 11 – Ноември – Климатски промени

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




НАВИСТИНА Е УБАВО ДА СЕ ОДИ ПЕШКИ НА УЧИЛИШТЕ. ОВОЈ НОЕМВРИ ВРЕМЕТО Е БАШ ПРИЈАТНО И ТОПЛО
ДА, НО ДАЛИ СЕ СЕЌАВАШ КОГА ПАДНА СНЕГ ВО МАЈ?
ПОНЕКОГАШ ТЕМПЕРАТУРИТЕ ЕДНОСТАВНО СЕ БАЛАНСИРААТ
ВИДИ ГИ ОБЛАЦИТЕ, ЛИЧИ ДЕКА ЌЕ ЗАВРНЕ ВО СЕКОЈ МОМЕНТ!
ХМ, БАШ Е ЛУДО КОЛКУ БРЗО СЕ МЕНУВА ВРЕМЕТО!
СТИГНАВМЕ НА ВРЕМЕ! ВИДИ КАКО СЕ РАЗВРНА
ИМАВМЕ СРЕЌА ДА СТИГНЕМЕ ПРЕД ДА ПОЧНЕ НЕВРЕМЕТО
ДОБРО УТРО УЧЕНИЦИ! ДЕНЕСКА ЌЕ ЗБОРУВАМЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ
ЕХХХ, ДОСАДНО!
ПОГЛЕДНЕТЕ НАДВОР, ДАЛИ Е ОВА ТИПИЧНО ВРЕМЕ ЗА НОЕМВРИ?
ДОЖДОТ Е ОЧЕКУВАН, НО ОБИЧНО Е МНОГУ ПОЛАДНО
ДА, СЕГА Е НЕВООБИЧАЕНО ТОПЛО ЗА НОЕМВРИ. ОВА Е ПРЕДИЗВИКАНО ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ
ДЕНОВИТЕ ДА СТАНУВААТ ПОТОПЛИ?


ПА, НЕ БАШ. ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА СТАНУВА ПОТОПЛА И ТОА ВЛИЈАЕ НА ВРЕМЕТО. ЕДНА ОД ПОСЛЕДИЦИТЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ СЕ И ПОЧЕСТИТЕ НЕВРЕМИЊА.
ТОА Е ЛОШО ЗА НАС И ЗА ПЛАНЕТАТА!
ТОЧНО ТАКА! РАСТОТ НА ТЕМПЕРАТУРИТЕ ПРЕДИЗВИКУВА ШУМСКИ ПОЖАРИ И МОЖЕ ДА ДОВЕДЕ ДО ТОПЕЊЕ НА МРАЗОТ НА ПОЛОВИТЕ
КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ТОА, СЕ ЗГОЛЕМУВА НИВОТО НА ВОДА ВО МОРИЊАТА
И ВО ИДНИНА МНОГУ ГРАДОВИ БИ МОЖЕЛЕ ДА ЗАВРШАТ ПОД ВОДА
КРЕНЕТЕ РАКА АКО ЗНАЕТЕ КАКО ДА ГИ ЗАПРЕМЕ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ
ЈАС ИМАМ НЕКОЛКУ ПРЕДЛОЗИ
АКО ЈА НАМАЛИМЕ УПОТРЕБАТА НА ФОСИЛНИ ГОРИВА, ЌЕ СЕ НАМАЛИ И ПРИСУСТВОТО НА $CO_2$ ВО АТМОСФЕРАТА И ЌЕ Ѝ ПОМОГНЕМЕ НА ПЛАНЕТАТА
СОСЕМА ТОЧНО! ШТО ДРУГО?
МОЖЕ ДА КОРИСТИМЕ ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КАКО ВЕТЕР И СОНЦЕ
ИСТО ТАКА, МОЖЕ ПОДОЛГО ДА ГИ КОРИСТИМЕ И ДА ГИ ПОПРАВАМЕ ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УРЕДИ. ТАКА НЕМА ДА ТРОШИМЕ ВРЕДНИ МИНЕРАЛИ ОД ЗЕМЈАТА.
БРАВО, ОДЛИЧНИ ПРЕДЛОЗИ!
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ!

# Совети за родителите

Како целото семејство да научи нешто повеќе за климатските промени преку неколку едноставни чекори?

- **Дискутирајте:** Прашајте ги децата што знаат за климатските промени. Во зависност од нивната возраст, кај некои деца може да се појави „климатска анксиозност“ бидејќи тие искрено се плашат за иднината на планетата. За да се спречи тоа, фокусирајте се на позитивните работи што може да ги направите за да се намали влијанието на климатските промени.
- **Бидете пример:** Научете ги децата како да ја намалат потрошувачката на енергија во домот. Не горете јаглен или трева и обидете се да ја ограничите потрошувачката на гориво во автомобилот. Ако им се скрши екранот на телефонот, поправете го, не го фрлајте уредот во канта. Важно е на децата да им објасните дека е клучно подолго време да ги користат производите, да ја намалат потрошувачката и да рециклираат.
- **Креирајте свесност:** Преку примери, објаснете им на децата што се климатски промени и што може да направи вашето семејство во однос на овој проблем. Разговарајте со нив за негативното влијание на климатските промени врз животната средина и направете план за намалување на „јаглеродниот отпечаток“ на вашето домаќинство.
- **Создадете услови:** Дали знаете дека дека во просек 25% од „јаглеродниот отпечаток“ на една земја доаѓа од домовите на луѓето? Мора да го направиме она што зависи од нас за да го намалиме „јаглеродниот отпечаток“ и да застанеме на патот на климатските промени. Со вашите деца направете список на добри навики и лоши навики во вашето семејство кои се однесуваат на „јаглеродниот отпечаток“. Направете план како да го зголемите бројот на добри навики и како да ги ограничите лошите навики.

Важно е вашите деца да научат за климатските промени. Така ќе знаат што можат да преземат за да се намали влијанието кое климатските промени ќе го имаат врз нивната иднина.

# Забавна активност за најмладите

**Плусови и минуси за климатските промени!**

Разгледајте го цртежот. Кај навиките кои се добри за климата ставете **плус**, а кај оние кои се лоши за климата ставете **минус**. Кога ќе бидете готови, покажете го листот на вашите родители.

*Садење дрво; Чад од оџак; Возење велосипед; Корпа за селектиран отпад; Таблет со скршен екран фрлен во ѓубре; Вклучување и исклучување сијалица*



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.